КЛУБ ДЕНИЦА

КУЛТУРА, НАУКА, УМЕТНОСТ, ЛИТЕРАТУРА

КЛУБ ДЕНИЦА

2026

Гласот на заедницата станува книга

Прва годишна збирка на творби
објавени во рубриката „Лични творби“



ТВОРЕЊЕ | СПОДЕЛУВАЊЕ | ЧИТАЊЕ

ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАНИЕ · 2026

КЛУБ ДЕНИЦА 2026

Гласот на заедницата станува книга

Прва годишна збирка на творби објавени
во рубриката „Лични творби“
на порталот „Клуб Деница“

Електронско издание
Прилеп · 2026

ИМПРЕСУМ

ИЗДАВАЧ

ДООЕЛ ВРВ – Прилеп

НАСЛОВ

„Клуб Деница 2026 – Гласот на заедницата станува книга“

ИЗДАНИЕ

Електронско издание · 2026

ISBN

978-608-65574-3-0

УРЕДНИК

м-р Игор Тасевски

КОНТАКТ

clubdenica@clubdenica.mk

ВЕБ-СТРАНИЦА

https://clubdenica.mk/

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.3-1(082)
КЛУБ Деница [Електронски извор] : 2026 : гласот на заедницата станува книга : прва годишна збирка на творби објавени во рубриката „Лични творби“ на порталот „Клуб Деница“ / [уредник Игор Тасевски]. - Прилеп : Врв, 2026
Начин на пристапување (URL):
https://clubdenica.mk/kniga/klubdenica-1.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 83 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.10.2026
ISBN 978-608-65574-3-0
COBISS.MK-ID 69925125

Содржина

Вовед *Од збор до трага што останува* 6

ТВОРБИ

Мирисот на липа *Андриана Ристеска* 8
Караван *Деспина Сиљаноска* 9
Очекувам подобри времиња *Анита Тинтоска* 10
Корените *Андриана Ристеска* 11
Казна *Весна Шереметкоска* 12
Кажи благодарам *Лилјана Сливоска* 13
Две души *Марија Симоноска* 14
Есенско тихување *Снежана Паноска* 15
Беше Алцхајмер *Марија Симоноска* 16
Пред огледалото *Менче Кадинец* 18
Мајка *Јасмина Волческа* 19
Молчење *Снежана Паноска* 21
Ми треба *Менче Кадинец* 22
Стар човек и sидовите го нејќат *Јасмина Волческа* 23
Во твојот дневник и моето име *Олга Наумовска* 25
Промени се *Снежана Паноска* 27
Сега сме ништо *Менче Кадинец* 28
И плачат и пеат истовремено *Олга Наумовска* 29
Моите осамени соништа *Менче Кадинец* 31
Македонија *Тони Павлески* 32
Каде што ти е добро *Снежана Паноска* 33
Младост разлистена *Олга Наумовска* 34
Невреме *Менче Кадинец* 36
Утре *Весна Шереметкоска* 37
Годовите на времето *Дана Тембелеска* 38
Остаток *Менче Кадинец* 39
Вечен симбол *Оливер Глигоров* 40
Суров е денешниот свет *Анита Тинтоска* 42

Тајната на зборовите *Сузана Д. Рулеска* 43
Солза *Менче Кадинец* 44
Тивко понира срцево *Вера Искова* 45
Камо да знаев како да чувствувам *Ѓорѓиоска Марија* 46
Татковина *Божана Тренческа* 48
Свети Кирил и Методиј *Марија Мантова* 49
Каде брзаш, животе *Јасмина Колеска Кузманоска* 50
Никој како перото и хартијата *Марија Симоноска* 51
Родени сме *Снежана Паноска* 53
Чудесно *Марија Симоноска* 54
Има такви жени *Ирена Ангелеска* 56
Љубов и вино *Ана Ѓорчевска* 58
Пресуда *Јасмина Колеска Кузманоска* 59
(Не)потребни работи *Викторија Стојовска* 61
Секогаш свој *Игор Јагуриноски* 63
Што сум јас *Весна Шереметкоска* 64
Цветанка *Марија Симоноска* 65
Зборовите *Снежана Паноска* 67
Тајната на мислите *Сузана Д. Рулеска* 68
Немој *Марија Симоноска* 69
Манастир Трескавец *Весна Стојкоска* 71
Познавав еден човек *Викторија Стојовска* 73
Фанфари *Деспина Сиљаноска* 75
За поетот *Снежана Паноска* 77
Не прашувај ме *Марија Симоноска* 78
Не гасни го светлото *Андриана Ристеска* 79

Авторски индекс 81
Продолжуваме заедно 83

ВОВЕД

ОД ЗБОР ДО ТРАГА ШТО ОСТАНУВА

Секоја песна има своја приказна. Некои се раѓаат од радост, други од болка, од спомен, од копнеж или од потребата нешто да се каже. Но, сите имаат нешто заедничко – желбата зборот да стигне до некого.

Кога го создававме порталот „Клуб Деница“, верувавме дека културата, уметноста и литературата заслужуваат отворен простор во кој ќе се среќаваат авторите и читателите, познатите и помалку познатите творци, различните генерации и различните творечки изрази.

Со текот на времето, рубриката „Лични творби“ прерасна во место каде што авторите ги споделуваат своите размислувања, чувства и доживувања. Секоја нова објава внесуваше уште еден глас во оваа заедничка приказна.

Така се роди и идејата за „Клуб Деница 2026“, првата книга што ги обединува творбите објавени на нашиот портал.

Оваа книга не е натпревар меѓу авторите, ниту избор во кој едни творби добиваат предност пред други. Нејзината вредност е токму во различноста.

Во неа се среќаваат различни поетски сензибилитети, животни искуства, книжевни форми и погледи кон светот.

Творбите се подредени според редоследот во доставениот ракопис, од најновата кон најстарата, како што е замислено годишното издание.

Со „Клуб Деница 2026“ сакаме содржините што живеат на порталот да добијат свој заеднички, траен облик. Да не останат само поединечни објави во дигиталниот простор, туку да станат дел од една книга што ќе може да се чита, да се споделува и да се зачува.

Истовремено ја започнуваме и годишната изложба „Клуб Деница“, преку којашто фотографиите објавени на порталот ќе добијат можност да бидат претставени пред публика и надвор од екранот.

Една книга и една изложба секоја година - тоа е нашата замисла. Не како еднократен настан, туку како традиција што ќе расте заедно со авторите, читателите и сите што веруваат во значењето на творештвото.

Ова прво издание е благодарност до сите што ни ја доверија својата песна, својот расказ, својот збор. И поттик до оние што сè уште не се осмелиле да го споделат она што го создаваат.

Зашто секоја творба заслужува да биде прочитана, а секој искрен творечки глас заслужува да биде слушнат.

Од портал – до книга. Од екран – до изложба.

Нека „Клуб Деница 2026“ биде почеток на една долга и убава заедничка приказна.

Од уредникот
м-р Игор Тасевски

МИРИСОТ НА ЛИПА

АНДРИАНА РИСТЕСКА

Ја сакам пролетта
во мојот град
и тивкиот развигорец
што го носи мирисот на липа.

По секоја улица,
во сечиј двор,
мириса на припадност,
мириса на дом.

Ги сакам и Кулите
под кои тој срамежливо се свил,
а тие гордо сведочат
дека Кралот Марко тука бил.

Го сакам и на поетите Тронот
кој гордо стои под Слонот
и Манастирот во закрила
на карпата сива.

Ја сакам и есента во мојот роден град ,
таа го шири мирисот на слобода,
во мојот Прилеп, мојот херој,
мојата гордост, мојот дом.

КАРАВАН

ДЕСПИНА СИЉАНОСКА

Тромеѓа и крај.
Нож и рај.

Убод.

Ги затнавме порите на светот.
Ги намачкавме со метали и стопени железа,
за да не дише земјата.
Кладовме огради и знаци, за да поделиме нешто,
што и онака нам не ни припаѓа.

Сега тераме битка.

Се поделивме во две групи за да биде посилен ударот.
Едните со зборови, другите со копје.
Копја на копје - сечило одозгора,
двајца за двобој нема, еден народ потоморен за идеал.

Убод.

Немајте солзи в очи, не плаче татковината.

Се поделивме во две групи.
Едните жени, другите мажи.
Децата ги оставивме да се снајдат некаде осамени.
Идеалот згасна.
Битката заврши.
Ние не сме таму.
Други газат камења и гробни плочи.
Во нив сме ние.

ОЧЕКУВАМ ПОДОБРИ ВРЕМИЊА

АНИТА ТИНТОСКА

Чекор по чекор полека одам,
Сакам по прав пати сите да ги водам,
Тоа нема да биде работа лесна,
Секој човек не сака убава песна.

На сите ќе им подадам рака
Нема да ми претставува мака,
Од некој ќе има одбивање смело,
Но со убави зборови ќе убедувам врело.

Животот е само мој,
Ќе го живеам со идеалот свој,
Со сите ќе зборувам очи в очи,
Секој своите грешки нека ги воочи.

Уживајте во својата младост,
Почувствувајте вистинска радост,
На лицето имајте насмевка лесна,
Секогаш на усни имајте убав збор, убава песна.

Животот луѓе за час ќе мине,
Староста сите ќе нѐ стигне,
Оставете зад себе убава трага,
Немој, не мери, за да не ти мерат на вага.

Очекувам подобри времиња, век,
За мојата измачена душа ќе биде лек,
Сѐ би дала сите да имаат насмеан лик,
Живот без грижи и болен крик.

КОРЕНИТЕ

АНДРИАНА РИСТЕСКА

Немојте,
не корнете ни ги корените,
да не се исушат моликите
кои високо се издигнале,
па весело пеат, шумолат
за една земја македонска.

Немојте,
не ништете ни ги корените,
да не ни овенат цветовите
за кои Јаневски пееше,
да не згаснат очите
кои Шопов ги оплакуваше.

Немојте,
не корнете ни ги корените,
да не ги снема тутунарите
за кои Рацин беседеше,
или, пак, лозјата
кои Конески ги сееше.

Немојте,
не ништете ни ги корените,
нека ни остане пирејот
за кој Андреевски пишуваше,
кој со векови вирееше,
за народот македонски сведочеше.

Немојте,
не корнете ни ги корените,
оставете ги, не ништете ги
за поколенијата зачувајте ги!

КАЗНА

ВЕСНА ШЕРЕМЕТКОСКА

Извадете камшик,
треба да биде казнет,
оти мисли поинаку, оти сака,
оти го слави Бога и ги наметнува вредностите.

Искривете ги лицата од бес, наместете насмевки,
ослободете го лицемерието, подгответе ги камшиците,
уништете го секој обид да биде поинаков,
убијте го секој презир во неговите очи,
да не се осмели да погледне горе и да рече
дека над него е само Бог и никој друг.

Уништете му ја мислата дека единственото
божество спие крај него, телесно и потполно човечко.

Нека неговите очи бидат безживотни,
а постелата празна,
оти не заслужува да сака.

Повикајте ја смртта.

Извадете камшици,
убијте го кучето да не подигне глас!

Во ред е, вашите раце ќе бидат чисти.

Уништувајте вие, во Негово име!

КАЖИ БЛАГОДАРАМ

ЛИЛЈАНА СЛИВОСКА

Кога утрото ќе се јави
во роса измиено,
со сонце облиено
од убост опиено,
немој да се браниш,
ниту пак да заборавиш
да му се заблагодариш.

А кога денот ќе се роди
и насмевка ќе ти подари,
лицето ќе ти го озари,
во очи пламен ќе ти запали,
ти радосен биди,
една трошка среќа
во душа нека ти се срони
и секој нека те види
дека животот те сака,
само подај му рака
и немој да заборавиш
на денот нов да му се заблагодариш.

А благодарам е убав збор
тој е знак за добрина,
за милост преголема,
за душа како планина,
за човечка особина
што секој треба да ја има
во себе да ја носи,
да ја негува и да ја чува,
оти секој ден ти е подарен
треба да си благодарен.

ДВЕ ДУШИ

МАРИЈА СИМОНОСКА

Две души заедно пловат,
две души заедно сонуваат,
две души заедно тагуваат,
две души заедно се радуваат,
две души исто размислуваат,
две души исти нешта посакуваат,
две души исто жалат,
две души исто се мачат,
две души разделени,
две души на далечина,
две души ко едно,
две души ко споени,
две души ко никогаш раздвоени.

ЕСЕНСКО ТИХУВАЊЕ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Помеѓу боите на планината и
небото се распослало езерото,
со целата своја убавина го гали крајбрежјето,
додека срамежливата сончевина
ги љуби неговите длабочини.

Уште едно лето заминува во бескрајот,
низ трепетот на листот што паѓа
се насира есента,
ветрот тивко го нарушува спокојот на
времето што одминува.

Се гасне денот,
на зајсонце блеснува крлушката
на младата белвица
која се радува на својата
слободна убавина.

Тихува времето.
Тихуваме и јас и езерото.
Тихува и водата која ја снемува
во утробата на земјата.
Тихуваме заедно молејќи се
за уште едно разденување
и повторно враќање на езерото.

БЕШЕ АЛЦХАЈМЕР

МАРИЈА СИМОНОСКА

Погрешен час.
Не, не бев јас.

Сè на погрешно место.
Не, не бев јас.

Измислена приказна.
Не, не бев јас.

Погрешно минато.
Не, не бев јас.

Гладен сум.
Не, не сум гладен.

Згрешена улица.
Не, не сум јас.

Јас сум твоето дете.
Не, не си ти.

Јас сум твојот сопруг.
Не, не си ти.

Погрешен тоалет.
Не, не бев јас.

Каде е мајка ми?
- Ја чекам да дојде.

Татко ми ќе ме кара.
- Да одам дома ќе ме бара.

Каде ми се сите?
- Никој не ме виде.

Викотници и пискотници.
Ама не беше, не, не беше тој.
Ама не беше, не, не беше таа.

Беше Алцхајмер.

ПРЕД ОГЛЕДАЛОТО

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Иташе накај дома,
небаре некој пред порта
те чека,
таа на дланка роса ти подаваше
пред огледалото брчките
ти ѝ ги броеше…

Таа на дланка капка
љубов ти нудеше,
Пред огледалото
ти пегите ѝ ги броеше.

Не чувствуваше, самотијата
во тебе царуваше.

Таа на дланка со дланка
се бореше,
ти нешто друго посакуваше.

Пред огледалото сјајот
од нејзините очи,
во тебе згаснуваше.

МАЈКА

ЈАСМИНА ВОЛЧЕСКА

Ја погледна право в очи и се насмевна, со онаа искрена наивна детска насмевка.

– Која си ти мила? Се обзрна околу со прашален поглед, надевајќи се дека можеби останатите членови на семејството ќе дадат некаков одговор.

На Јована ѝ се стегна грлото, а очите ѝ натежнаа од солзите кои со последни сили ги задржуваше. Едвај успеа учтиво да се насмее, а потем изусти:

– Јас сум, мамо. Твојата ќерка.

Ја болеше одвнатре, тоа беше толку силна, неопислива болка... кога Јована стана свесна дека ја губи својата мајка. Пред неа не стоеше жената која ја донесе на овој свет. Пред неа стоеше дете, едно мало изгубено дете.

– Да си одиме одовде, јас... ова не е нашата куќа – извика Марија.

– Мила моја, ова е наш дом. Ти си дома, не ги препознаваш ли ѕидовите? Распукани како овие брчки по моето остарено лице!? Те молам не загрижувај ме, ајде – галовно ѝ се обраќаше Петар.

Тоа беше безвременски гест на искрена љубов, а воедно и страдање. Миг кога некој го губи своето постоење, своето јас, а блиските пак тагуваат по личноста што ја познавале. Експлозија од емоции.

Јована страдаше. Се обидуваше да остане присебна и да не мисли на тоа. Но, не можеше едноставно да ги затне ушите како кога беше дете. Кога не сакаше да слуша нешто што ја плашеше. А сега тоа беше гласот на Марија која непрестајно се обидуваше да го убеди Петар да си одат дома.

Јована не беше свесна дека заспала, сè до моментот кога нејзиниот татко не ја положи раката на нејзиното рамо. Тоа малку ја штрекна, но она што ѝ привлече внимание беше

звукот, звукот на тишината. Глува, тешка, како карпа која некој ја фрлил врз тебе и не можеш да се поместиш. И одеднаш болка, како некој наживо да ти го јаде месото, не веруваш, врескаш, ја кубеш косата. Го губиш разумот, сепак на крајот поразено седнуваш. И тогаш, детето во тебе се буди…

– (со плачлив налик детски глас) Мамо, мамо (шепот) мамо…

– Таа конечно е дома – со грутка изусти Петар, доближувајќи го растреперето тело на своето чедо, крај себе.

МОЛЧЕЊЕ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Од стихозбирката „Виножита“

Молчам јас, молчиш и ти.

Молчење.

Збор по збор - расправија.

Распарчување на душите.

Разделеност.

Нема топлина.

Меѓу нас пустелија од зборови недокажани,
или кажани молчешкум.

Во душата јад и горчина како пелин.

Медот го исркавме, сега пелинот е на ред.

Го затворам срцето како секое пенџере,
едно по едно редејќи јадови.

Таговна ми е душата,
не знам за твојата, ама мојата мириса
на неизорана земја и на пелин.

Ми горчи.

Се уморив од молчење
чекајќи да зајде денот.

МИ ТРЕБА

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Ми треба.
Ми треба друг свет,
мил, нежен,
искрен.
Ми треба друго небо
со нежни мечти,
патувам нежно,
искри на надежи
ме полнат.

Згасна искреноста,
без пламен,
очите ми солзат во ноќите,
како ноќта само да остане
во денот впиена.
Виулици ми ја полнат душата,
гнезда на идили се нижат.

Сонот ме украде.

Ме нема.

СТАР ЧОВЕК И SИДОВИТЕ ГО НЕЈЌАТ

ЈАСМИНА ВОЛЧЕСКА

Стуткан во аголот, чека да чуе глас. Тишина, морничава. Секундата чиниш, како час врви. Од едно вдишување до следното, минува цела вечност. И тогаш доаѓа ненајавено, таа упорна здодевна кашлица. Почнува сиот да се тресе, кашла ли, кашла. Лицето му се вцрвенува како божем крвта се обидува да се пробие низ кожата, распрснувајќи се наоколу. Долга и тешка борба е тоа, борба за опстанок. Да му се плукнам на таквиот живот, ама кога ќе ти дојде смртта на врата, ќе се бориш, со нокти ќе гребеш. Само да потрае уште малку.

Штом успеа да дојде до здив, ги избриша солзите кои сами течат од мака, борејќи се за здив. Извојувана е уште една победа на животот наспроти смртта. Таа неизлечива болест, која сите ќе нé стигне.

Со тешка мака се исправи, игнорирајќи ја вртоглавицата, мракот што паѓа пред очи. Постоја малку и кроце-покроце, се приближи до иконата во долапчето. Свеќата гореше и, топејќи се, со својот треперлив пламен му ја смири душата, потсетувајќи нè колку брзо се истрошува човечкото тело. Како и оревот во дворот, кој и зиме и лете, ветер и дожд, сè истрпи. Стои немо и трпи студ, суша, град. А, кога луѓето веќе немаат корист од него, го сечат исушеното стебло за да си стоплат душа во долгите зимски ноќи. Кога цепениците ќе изгорат, ќе снема секаква трага од него. Како да не постоело. Додека било високо, стројно, полно со ореви, луѓето му се радувале. На пепелта, кој се сеќава?

Со грубите испукани раце, направи крст и тешко воздивна. Барем да дојдеа. Да ме посетеа, ај можеби другата недела. Вдиша длабоко... ихх пуста старост, се прекори. Колку и да се капеш, не можеш да ја одмиеш. Мириса, на старо, на дотраено...

Седна на столчето, скрши од лебот сув и го стави в уста. Повторно се закашла, ниту има заби да џвака, ниту плунка да го омекне лебот. Со трепетлива рака посегна по стомната со вода… а таа - празна. Повторно почна битката за воздух. Овојпат солзите не капеа од мака, од неподносливата кашлица, туку од длабоката тага, од осаменоста која толку силно се закачила во срцето, како некој крлеж и не пушта. Болката во грлото не се издржува. Лицето, пак, ја почувствува врелината на солзите, кои за миг ги омекнаа тврдокорните брчки на неговото лице.

Толку беше тивко во собата, што кога солзата капна на правливиот под, се чу тресок. Уморен од болката престана да се бори, ѝ се предаде. Смртта стоејќи над него си помисли:

Доста беше страдање.

…Неговите деца, тажеа што тажеа, на крај само што не се испоколија. Зошто во вреќата на едниот да има две-три оревчиња повеќе од другиот.

ВО ТВОЈОТ ДНЕВНИК И МОЕТО ИМЕ

ОЛГА НАУМОВСКА

Во твојот дневник
моето име е напишано со перо
и сино мастило
што останало на прстите
откако си затворила прозорец по дожд.

Секоја буква дише
како мало ноќно пристаниште,
каде бродовите ги врзуваат своите тишини
наместо јажиња.

Кога го изговараш моето име,
часовникот во собата
го заборава својот занает;
стрелките стојат
како две птици на електрична жица
пред невреме.

Твоите очи се потписи на вода.
Во нив се огледува градот,
но градот изгледа помлад,
како да бил измислен
да плови со брод низ море.

Јас те сакам
како што морето ја сака месечината —
не може да ја допре,
а сепак целото негово тело
се крева кон неа.

Твојата насмевка е бела станица
во која доцнат сите возови на стравот.
Таму моето срце слегува
со мал куфер од дожд
и веднаш заборава
на сите претходни адреси.

Ние сме две лозинки
што истата ноќ
ги чува во својата меморија.

Кога се допираме,
воздухот отвора нов „таб“ во вселената
и ѕвездите „скролаат“ побавно.

Твојата коса мириса на темни библиотеки
во кои љубовта ги чита
своите забранети ракописи.

Јас ги прелистувам тие страници
со стравопочит,
како археолог што открил
дека иднината има пулс.

Во твојот дневник
моето име стои до датум
што календарите сè уште не го познаваат.

Таму времето не тече,
туку цвета.

И ако еден ден
светот ги изгаси сите екрани,
ќе остане оваа страница:
ти,
јас
и љубовта што свети тивко
како прозорец на последниот кат
додека градот спие.

ПРОМЕНИ СЕ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Промени се – ме советуваат катаден.
Наведни ја главата – ме советуваат душегрижниците.
Затвори ги очите – ми одзвонува во ушите.
А зошто? За кого?

Па, во мене клокотат илјадници вулкани
и срцето сака да ми се распарчи
за да го поделам на гладните (во срцата),
на сиромашните (во душите),
на онеправданите (кои молчат од немоќ),
на оние кои сакаат да се променат, а не можат,
на оние кои можат, а не сакаат,
на сите вас кои само зборувате,
а се плашите и од новиот збор,
а камо ли своите животи да ги промените.

Јас не сакам промени,
мојата кожа и онака ми е тесна
и одамна остарела од преслекување,
се стуткала во дланката на секојдневието
и ништо не може да ме изненади,
освен новиот ден и изгрејсонцето.

Променете се вие,
и не сокривајте се под перниците,
тие еден ден ќе ве задушат
и ништо не ќе остане од вас,
само пепелта расфрлана
по аглите на заборавената совест.

СЕГА СМЕ НИШТО

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Јас ваму, ти таму.
Ме нема, те нема.
Зборови тешки,
врели, жешки,
сонце без сјај,
небо тмурно.

Животот се врти.
Копнеам за старите
нешта, случувања,
копнеам или заборавам
кога човекот царуваше во тебе.

Има работи од коишто
не треба да се откажеш,
ама зборот боли.
Господ рекол сакај ги твоите
родители какви и да се,
сакај ги и своите деца,
покажи им го патот.

Гордоста коси
преврива, зоврива.

И ПЛАЧАТ И ПЕАТ ИСТОВРЕМЕНО

ОЛГА НАУМОВСКА

Посветено на поетите

Посветено на поетите

И плачат и пеат истовремено.
Никој не ги научил така.
Тоа е јазикот
што го зборува срцето
кога веќе нема друг превод.

Не собираат зборови.
Ископуваат светлина
од најдлабоките пештери на болката.

Со голи раце
ја допираат тишината
и од неа палат ѕвезди.

Поетот не оди по патеки.
Тој гази по стаклото на времето,
а секоја капка крв
се претвора во црвена буква
што ниеден пламен не може да ја изгори.

Кога луѓето ги заклучуваат прозорците,
поетите ги отвораат небесата.
Кога сите молчат,
тие го слушаат крикот
што никогаш не стигнал до ничии усни.

Во нив живеат
и детето што сè уште верува,
и старецот што ги исплакал сите свои реки.

Тие се дом
на изгубените гласови,
на недоречените љубови,
на сите прегратки
што никогаш не се случиле.

Не пишуваат за да бидат славни.

Пишуваат
за нечија темнина
да не остане сама.

И кога светот ќе рече:
„Ништо не се смени“,
тие ќе насадат еден стих
во пукнатината на каменот,
верувајќи
дека и карпите
еден ден ќе процветаат.

Затоа,
не прашувајте
зошто очите им се влажни,
а гласот им свети.

Во секоја песна
има по едно распетие,
по едно воскресение,
по една искра
што одбива да умре.

Така живеат.

И плачат…
за да не заплаче човештвото.

И пеат…
додека надежта
сè уште има глас.

МОИТЕ ОСАМЕНИ СОНИШТА

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Твојата цврста рака
ме милуваше,
а образот ми беше ладен.
Неспокојот патуваше низ моето тело,
а јас прокисната од немири
и гладна како завиена волчица
го пуштав гласот немоќен
изгладнет, изменет.

Вечерта ме убиваше,
секој со некого
план исполнуваше, а
моите соништа беа сами,
срамежливи,
коренот им беше во мојата душа
проникнат, из’ртен, а тоа болеше.

Како виулица која снег налева,
како ветар кој те потурнува,
како сонце што те препекува,
под месечина лутав,
пред порти заспивав.

Моите осамени сни
стуткани во парче душа
лелекаа.

А некоја цврста, топла рака,
ме милуваше.

МАКЕДОНИЈА

ТОНИ ПАВЛЕСКИ

Требаше да биде
доволно далеку
од моите чекори
за да ја почувствувам
поблиска од сонот.

Требаше да биде
камче на сопнување,
проколнат копнеж,
меѓу овие и оние
за да ја сошијам за срцето.

Требаше да биде
сечија и ничија
виски оцет, тутунов туткал,
медовина и извор планински
за да ми ја пијат очите,
а беше само жар птица,
нирвана и верност
пред налетот на апокалипсата
оти од убавини страдаше.

КАДЕ ШТО ТИ Е ДОБРО

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Од стихозбирката „Илјада ѕвезди“

Таму кајшто сакаш да се будиш,
во топла прегратка, насмеана,
прегрната, со љубов стоплена,
со утринско кафе понудена,
таму ти е добро утро.

Таму кајшто сакаш,
на домашна софра да седнеш,
со топол ручек, лица насмеани,
со својот џагор те прегрнуваат,
задоволни, благодарни
за секој убав збор,
ти исполнета,
со хармонија и тивка среќа,
таму ти е добар ден.

Таму кајшто сакаш,
во спокојот сонот да го прегрнуваш,
стоплена, прегрната со љубов,
задоволна што ја даваш и добиваш,
утешена од тешкиот ден,
под срцето на саканиот,
покрај трепетот на неговото срце,
таму ти е добра ноќ.

МЛАДОСТ РАЗЛИСТЕНА

ОЛГА НАУМОВСКА

Младоста ни се отвори како книга
од диви пролетни ветрови,
со страници што мирисаа на дожд
и недоречени желби на потсвеста.

Ти чекореше низ денот како сонце
што штотуку го научило јазикот на морето,
а јас те следев со поглед како река
што го бара својот залив во хоризонтот.

Во твојата коса се заплеткуваа
последните зраци на попладнето,
како златни птици што одбиваат
да заминат кон југ.

Твојата смеа беше шампањ од светлина,
се распрснуваше низ воздухот и
ги будеше сите заспани градини во мене.

Седевме блиску, доволно блиску
за тишината да стане музика,
доволно блиску за воздухот меѓу нас
да трепери како струна на виолина.

Твоето тело мирисаше на лето,
на праски созреани под сонце,
на ноќи што полека
ги соблекуваат своите сенки.

Кога ми го допре рамото,
светот за миг се претвори во искра,
како галаксија што случајно ја допира
друга галаксија во бескрајниот простор
на случајностите.

Во твоите очи имаше траги од светлина,
булевари од надеж, мостови по кои срцето
минуваше без страв од височини.

А љубовта?
Таа не дојде ненадејно.
Дојде како младо дрво, незабележливо,
но секое утро со нов лист,
секоја вечер со нова боја.

И додека летото ги палеше хоризонтите,
ние растевме во неговото срце - два пламена
што не се натпреваруваат,
туку се распламтуваат со силен жар.

Твоите усни беа само на чекор од моите,
како два брега што ги дели тивка река,
а желбата со страст кружеше околу нас
како месечина околу својата планета.

Младоста разлистена не беше возраст,
беше градина од бескрајни почетоци,
во која секој допир стануваше цвет,
секој поглед - пролет, а секое твое ветување
- нова сезона во мојата душа.

НЕВРЕМЕ

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Сето невреме се собра во мене,
облаци тешки,
зборови жешки.

А дождот ме ороси,
очни капаци пливаат низ него
како серенада на сцена,
се допирам, ме нема.

Невреме ли ќе иде
кој знае, кој виде,
немири во душа ме гонат,
мислите ми се ронат.

Невреме се движи,
секоја мисла
може болка да биде,
нешто во гради ми се кине.

Невремето ме прокисна
како голтка вода ме накисна
облаци тешки, темни, патуваат
низ етерот слетуваат.
зборови жешки.

УТРЕ

ВЕСНА ШЕРЕМЕТКОСКА

Од збирката „Изворот солзен“

Не крадете ми ја песната.

Што ќе ви се овие рани
со лажни украси прекриени,
и со немир исполнета душа?

Што ќе ви се изгаснати ѕвезди
во оловните облаци потопени,
во трње зауздана и смирена ѕверка,
во злокобна тишина?

Само овде во стиховите
по некој знак на живот ќе застане…

Не крадете ми ја песната,
сама ќе ви ја дадам,
утре,
кога ќе постанам странец
пред затворената врата на новото утро,
и само дамка во сеќавањето
на оние кои уште смеат да влезат.

Утре,
кога моето тело ќе биде само тело,
а моите песни ќе постанат сирачиња
со неизвесна иднина.

Утре, ќе ви зборувам
со шепотот на ветрот и
жуборот на водата,
утре, оти денес
уште сум зафатена,
со барање на самата себе.

ГОДОВИТЕ НА ВРЕМЕТО

ДАНА ТЕМБЕЛЕСКА

Помеѓу круговите околу срцевината
од дрвото живот наречено,
се втиснало распетие
мирот да ни го дарува заречено.

Ние, помеѓу годовите распнати,
во обид достојно да живееме,
прескокнувајќи од круг во круг
растргнати помеѓу блудот и честа постоиме.

Знаеме, времето неповратно истекува,
сепак тоа на крајот го воспримаме,
несвесни за ѕвонот на камбаните низ дните,
ќе ни остане ли време да се преиспитаме?

Осознаваме доцна, земјата е ан за спокој ил’ грев,
растргнато коначиште на судбински спој,
свиткани ко сарми се исполнуваме со гнев
кога одбројување ни следи низ солзи рој.

Тажно го реконструираме истекот
помеѓу молкот и даденият збор,
низ составните елементи на рокот
постоиме ние останати без одговор.

ОСТАТОК

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Јас сум виновна.
Јас сум ништо.
Јас сум остаток
на остатокот…
Јас сум посеана нива
со тешки чувства.
Јас сум виновна за се…
Јас сум празна инспирација
на глупави мисли.
Јас сум мачителна душа,
загноена,
валкана,
глупава.
Со повеќе делови од потребните,
како срцето,
како душата,
како љубовта.
Јас сум мирисот на искреноста
покосена од сопствената глупост,
завиткана како последен остаток
на солзата,
ставена на твојата дланка
и фрлена онаму
каде што ми е местото.
Во заборавот.

ВЕЧЕН СИМБОЛ

ОЛИВЕР ГЛИГОРОВ

Лесно е да чекориш
таму каде што се раѓа љубовта,
од многу поминати патишта
ќе заглавиш некаде
близу тешка рана,
кај неа ќе останеш
подолго време,
можеби, ако со себе
носиш чувства од животот,
ќе можеш и да преживееш.

Ќе дојдат бродови
што ќе донесат расположение,
бранови ќе раскажат
за патувањето,
кое многумина патници
добро го знаат,
на брегот каде што има тајна
некогаш ќе се открие,
тогаш кога љубовта
веќе ќе биде преселена
во орманот на душата.

И сè така
лесно ќе планираш патувања,
ќе сакаш бериќет
кога ќе си во непознато место,
за да се снајдеш,
да останеш жив,
покрај сите убавини
што ги нуди животот,
само со мисла што не запира
ќе прелеташ највисоко
и таму ќе останеш засекогаш.

Времето моли за среќа,
едноставно останува
да носиш спомени со себе
за солзите да настапат,
некогаш да заплачеш
за сè што било,
а некогаш да ја здогледаш
новата среќа,
која ќе биде твојот вечен симбол
од кој нема да побегнеш.

СУРОВ Е ДЕНЕШНИОТ СВЕТ

АНИТА ТИНТОСКА

Суров е секојдневниот живот во светов
ќе ти ги скратат крилата во летот,
не вредело за никого сè да се дава,
не вредело за никого да губиш глава.

Совеста гледам да ми биде мирна и чиста,
туѓите мисли немам намера да ги листам
но, кој до мене и да стасал
со постапки и зборови ме касал.

Не сакам мојот бес и гнев
да го претворам во голем грев,
но тешко ми оди од рака,
а тоа ми претставува болка и мака.

Мои чувства, наивност сè уште детска,
како птица која трепери на леска,
очекувам секој ден некој нешто да створи
се прашувам дали повторно душата ќе ми изгори.

Светов треба да биде рај,
а не секој на секого да му мисли крај,
на секого срцето од среќа да му бие
и секој секоја ноќ мирно да спие.

За денешниов свет јас сум кревка,
јас сум како некоја нежна тревка,
сите трчаат по пари, по моќ,
сакаат да добијат се преку ноќ.

ТАЈНАТА НА ЗБОРОВИТЕ

СУЗАНА Д. РУЛЕСКА

Капка надеж во песните,
капка љубов во зборовите,
тие се капки верба во стиховите,
капка светлина на животот,
ја раскажуваат среќата
го бришат немирот,
го чистат лицето од болката,
само во сонот се губат.

Тие имаат своја приказна,
своја илузија,
ја допираат мистеријата на тајната,
имаат поглед бескраен
во чијшто сјај се топат.

Се бараат себе си
во својата приказна,
се бараат во сопствената капка,
тие не се капка утринска роса на цветот,
не се капка крв,
не се капка вино,
тие се капка солза радосница,
понекогаш капка немир,
но секогаш капка љубов.

СОЛЗА

МЕНЧЕ КАДИНЕЦ

Јас сум солза без дно,
капаците очни ми лебдат,
сонот ме прикрива,
ноќта ме сокрива.

Ама наивно светот го љубев,
а во него сешто,
само еден против друг.

Јас сум солза без дно,
застанете тивко,
слушнете, дното на душата
ми лелека
за тебе, за себе, за неа, за друг.

Научив да молчам,
а виновна не бев.

Се уште слушам викотници
бркотница.

Жално, многу жално!

ТИВКО ПОНИРА СРЦЕВО

ВЕРА ИСКОВА

Тивко понира срцево протнувајќи се низ тесниците.
Се врвчи и понира неосетно.
Понира како преспанските води загубени под Галичица,
оголува, суши, точи и преточува…

Плими и осеки од најголеми длабочини,
нови крајолици разоткриваат,
чиниш езерски длабини приказ станале на очиглед на денот.

Тивко понира срцево заобиколувајќи го разумот.
Кривулкави патеки прави - искушение за волјата.

Се пробива низ теснини кои ѝ се потсмеваат на логиката
- неразумни се во својата очигледна логичност.

Тивко понира срцево како слепец воден од невидливото.
Џбара низ непознатото…

Во надојдената храброст не се двоуми,
гледа во целото суштествување невидливо за голо око.

Тивко понира срцево во чудесните вртлози на длабините,
вртлози несфатливи на катадневието.

КАМО ДА ЗНАЕВ КАКО ДА ЧУВСТВУВАМ

ЃОРЃИОСКА МАРИЈА

Кој може да ги разбере

нишките што ги поврзуваат нашите души?

Погледнав нагоре,

небаре на небото му зборувам.

Над нас се распослале ѕвезди.

Си го покривам лицето со дланките за да не ме удри в лице

неразбирливата длабочина на ноќта.

До кој степен можат да бидат туѓинци оние што живеат заедно?

Зборовите ми излегуваат од усните, како палави деца растрчани по полето.

Туѓинци во срцето,

тоа сме сите ние,

продолжувам низ шепот.

Што би се случило кога би погледнале во срцето на другиот?

Би останале ли заедно доколку дознаеме дека тој во себе крие некој друг што воопшто не личи на нас?

Би си простиле ли?

Би продолжиле да се омајуваме од привидот на божемната среќа?

Тоа што го бараш веќе го имаш, вели.

Треба само да го научиш срцето да го препознае.

Да си одиме дома,

ја мушнува својата топла дланка во мојата.

Ја погледнувам.

Под закрилата на мракот таа се смешка.

Ѕвездите врнат во нејзините очи.

Ѝ заблазнувам на дарбата другите да ги доживува онака како што се доживува природата чисто и отворено.

Камо да знаев како да чувствувам.

ТАТКОВИНА

БОЖАНА ТРЕНЧЕСКА

Ме праша чедото татковина што е.

Чедо мое, еве, ќе ти кажам
татковина што е:
бисер исплетен по врвиците,
капка дожд по трендафилите,
блескава риба во длабочините,
недостижен орел во височините.

Разбра чедо?
Татковина е најсветлото парче земја
на чие небо има бескрајно синило,
а ветерот тивко дува и гали.

Ги гледаш ли планините со високите ридови,
долините и реките,
и сите среќни луѓе околу тебе,
и дечиња радосни по нив што чекорат,
а тука се и гробовите од предците,
некои сега оставени сами.

Сè е татковина чедо.

Неа ја делиме со сонцето, со ветерот,
ја делиме со птиците
кои, каде и да одат, напролет тука се враќаат,
во татковината наша и нивна.

Ти кажав чедо, а ти запамети
и чувај ја татковината своја.

СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

МАРИЈА МАНТОВА

Вашите свети имиња се врежани во нашиот код,
вашата беспрекорна душа им давала светлина на луѓето,
со вашите вешти раце ја навезавте глаголицата
поставивте камен-темелник и бедем за идните генерации.

Со чистота и убост во душата ја ширевте христијанската религија,
еликсирот на почетокот и крајот на човештвото,
алфата и омегата на сè познато,
видливо и невидливо.

Нивниот светол пат и нивната мисија
биле јасни како што сонцето јасно изгрева и заоѓа,
сакале секој човек да ја толкува верата на свој јазик,
мил до срцето како приспивна песна од мајчино срце.

Почитувањето на мајчиниот јазик и верата
се темелите врз кои треба едно општество да се издигнува,
да ја продолжиме вашата мисија,
со чиста мисла како утринска роса,
чисто срце од кое извира љубов и почит
кон сите битија од даденатa ни временска рамка.

КАДЕ БРЗАШ, ЖИВОТЕ

ЈАСМИНА КОЛЕСКА КУЗМАНОСКА

Од изворот волшебен „извре“,
како река потече,
брзајќи бјаса – трча,
секој сака да го стигне,
а тој како видра во реката се нурна да
нурка,
се влече како чедо за рака фатено.
Каде брзаш, животе?

Смири го чекорот,
и овој ден ќе помине,
ќе остане само спомен
во рамка украсен,
ќе стои секој ден
и кој и да погледне,
само сликата ќе ја види,
ќе остане нем и запрашан.

Што ли таа рамка зад себе крие?

Љубов е тоа, се родила, љубела
и светот го видела.

О, да, исправено одеше,
со тупнат чекор земјата ја будеше,
денес тивко ја моли
самотијата да му прости.

Ах, животе… брзо помина,
шепотот денес ми зборува,
гласот за тебе ми спомнува.

НИКОЈ КАКО ПЕРОТО И ХАРТИЈАТА

МАРИЈА СИМОНОСКА

Не ќе те разбере никој
како перото и хартијата,
не ќе ти ги пренесе зборовите никој
како перото и хартијата,
не ќе те прочита никој
како перото и хартијата,
не ќе те прекаже никој
толку точно како
перото и хартијата,
не ќе ти ги изопачи зборовите никој
како што ќе ти ги чуваат
перото и хартијата,
не ќе ти го искриви ракописот никој
како што ќе ти го чуваат
перото и хартијата,
не ќе те престане никој
како што ќе те слушаат
перото и хартијата,
не ќе те одбележи никој
како перото и хартијата,
не ќе те трпи никој
како перото и хартијата,
не ќе те чува никој
како перото и хартијата,
не ќе ти ги издржи сите маки
како перото и хартијата,
не ќе ти ги издржи сите солзи никој
како перото и хартијата,
не ќе ти го издржи скршеното срце никој
како перото и хартијата,
не ќе ти ги издржи скокањата од радост како

перото и хартијата,
не ќе ти го издржи очајот
како перото и хартијата,
не ќе ти го издржи бесот, вриштењето и пиштењето никој
како перото и хартијата,
не ќе те почитува никој
како перото и хартијата,
не ќе ти ги чува празнината, рушевината, страста никој
како перото и хартијата,
не ќе те сака никој
како перото и хартијата.

РОДЕНИ СМЕ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Од необјавената стихозбирка „Стихоред“

Родени сме на плодна почва
каде што сонцето ги храни нашите мечти,
водата извира како силна понорница
миејќи ги нашите крвави рани
векутуми собирани.

Родени сме во височините
каде што снегот трае до лето
живеејќи ден за ден,
исполнувајќи го вековниот завет
за заминување по дедовите стапки,
не вртејќи се, не гледајќи ги црниците
што сè уште ги јадат свилените буби.

Родени сме покрај езерата
наполнети со нашите солзи,
радосници или таговници,
секогаш со кренати погледи
кон патиштата што разделуваат,
оставајќи ги гробовите и
нивите неизорани, испостени,
изгазени од туѓинци, распродадени за ич пари,
немајќи каде да се вратиме,
оти вековните црнила се
и денешни секојдневија.

ЧУДЕСНО

МАРИЈА СИМОНОСКА

Чуден е секој час,
чудна е минутата,
а чудна е и секундата.

Не знаеш што носи,
не знаеш што ќе донеси.

Чудно е времето,
тече брзо,
додека да трепнеш,
за час сè ќе се смени.

Чудно е сè.

Чудни се луѓето,
се менуваат ко часовникот,
за час,
за минута,
за секунда
човек се менува.

Чудно е времето,
чуден е човекот,
чуден е светот.

Сè може да се смени,
а сепак ништо не се менува.

Чудно е времето,
чудни се луѓето,
чуден е светот.

Како не би бил,
кога сè е чудно.

На човек му се менува мислата
во секунда,
му се менува ритамот на срцето
во секунда,
му се менува душата во секунда,
чудно е како сè се менува,
не е чудо што светот останува ист,
чудесен е,
кога сè е чудно.

Чудо е времето,
чуден е човекот,
чудесен е светот,
чудесен е животот.

ИМА ТАКВИ ЖЕНИ

ИРЕНА АНГЕЛЕСКА

Има такви жени кои знаат да кажат не.
Ех, ним капа би им симнала.
Има такви жени кои плачат за се.
Плачат.
Да, плачат, собираат во себе
Не цимолат, не молат, плачат и ја собираат
Сета горчина, сета добрина.
И ним капа би им симнала.
Го носат целиот товар
И не знаат да кажат не,
А знаат да бидат жртва за сè.

Има такви жени кои се стокмени во сè и ним капа би им симнала.
Знаат тие за што живеат,
Знаат да бидат свои,
А не туѓи.
Има такви жени кои знаат сè,
А животот им е поделен на две
Има такви жени…

Женчиња ги викаат.
Трчаат ваму, да стасаат таму,
Забораваат нешто, да завршат сешто,
Времето им тече,
нема кој пофален збор да им рече,
срцето ги пече.
И ним капа им симнувам.
За некои се злато,
А за некои блато.
Има такви жени…

Има такви жени кои знаат што сакаат.
Е тие, никого не фермаат,
Живот си живеат
И своето го тераат.
Има такви жени…

И ним капа би им симнала.

ЉУБОВ И ВИНО

АНА ЃОРЧЕВСКА

Да може бар љубовта да се мери,
а мерната единица да се капки вино,
тогаш нашата љубов би била
симбол на жестокост и страст.

Да може бар љубовта да се вкуси,
би го имала вкусот на Тиквешијата,
што го поттикнува огнот
да гори во нашите тела.

Да може бар љубовта да се види,
би ги имала твоите црни очи,
со продорен поглед,
што ме гледа само мене.

Да може бар љубовта тајна да биде,
би била како есенски шепот,
крај големиот багрем во нашето маало,
таму каде што првпат ме бакна ти.

ПРЕСУДА

ЈАСМИНА КОЛЕСКА КУЗМАНОСКА

Гледаш како се борам,
борба водам,
секојдневна сиромаштија,
пуста да е.

Макотрпна работа од утро до мрак:
сонце на нива ме огрева,
зајдисонце за дома ме испраќа.

Ти каде си?

До мене не си.

Незадоволството твое мера си нема,
тоа е твојата тема.

Севезден седиш,
раат си тераш,
зборови тешки ми редиш.
„Не работиш“ – велиш.

Слушам завидливи зборови
од устите клети,
што зборуваат по туѓите дворови.

Клевети на грб ми редат,
неспособноста нивна
им е уживанција слатка.

Ех, пратена клевета
на мојата мака.

Зар очите твои не гледаат
што рацете мои по цел ден спремаат?

Ти не гледаш
при очи – очи немаш,
а зборови тешки низ устата ти врват

јадни, бедни, црни,
за мене се тешки.

Оставив сè под нозе да газам,
а ти
во куќи сакаш мир
и насмевка од лицето мое
да се брои.

(НЕ)ПОТРЕБНИ РАБОТИ

ВИКТОРИЈА СТОЈОВСКА

Секогаш е исто.

Градот мириса на суров асфалт
и на луѓе што брзаат
за да не се соочат со тишината
во своите станови.

А јас научив да ја поканувам тишината на вечера.

И ставаме две чинии,
иако само јас сум гладна.

Меланхолијата е занает
што се учи со години,
како да ги премолчиш зборовите
што ти го гребат грлото.

Како да ги избришеш пораките што никогаш не требало да бидат пратени.

Како да изгледаш како целина, додека внатрешноста ти е во ситни парчиња.

Понекогаш, во три наутро,
ги бројам сите пати
кога се изневерив себеси
за да му угодам на некој
што не знаеше
ни како ми се смеат очите.

Тоа е најтешкиот мамурлак.

Оној од премногу давање
на погрешни адреси.

Не верувај во љубов од романите малечка.

Слушај паталец, а не гаталец.

Запиши го ова некаде на маргините:
Дури и кога мислиш дека сè се распаѓа,

дека си уништена,

не си скршена.

Само си редизајнирана од животот.

А пукнатините?

Низ нив влегува светлината,
дури и кога е сива.

СЕКОГАШ СВОЈ

ИГОР ЈАГУРИНОСКИ

Шетам јас низ градот, лица познати.
Некои се смеат, некои се нервозни,
Сиви згради, сиви куќи, сиви улици,
Ама мене душа полна бои секакви

Чекор голем седум милји, брзо патувам,
Сè се движи а јас стојам, се причинува.
Дождот врне, лице влажно, очи затворам,
Глава полна, мисли светли, отпловувам.

Моја глава, моја мисла, моја вистина,
Секогаш сум свој, ничија копија,
Светот голем, патот мој јас го барам,
Сè што сакам е да оставам трага

ШТО СУМ ЈАС

ВЕСНА ШЕРЕМЕТКОСКА

Сокриј ме во шепотот на врелите усни
и, немој некој да ме прочита,
оти, што сум јас освен твоја тајна,
никогаш на глас неизговорена,
во зборови скриена, во буквите заробена.

Потопи ме во погледот
и сместиме во аголот на окото
каде што изворот солзен почива
оти, што сум јас, освен твоја тага,
никогаш неисплакана, од копнеж исткаена.

Завиткај ме како зрнце во срцето
и смести ме во најтоплото место,
таму мирно нека процветам,
оти, што сум јас освен твоја љубов,
уште со вистински бакнеж неискажана,
во некој случаен допир на постоењето.

Исплети ме во дланката
којшто животните патеки до тебе ме донеле
и во магичен момент ме разбудиле,
поспана од пламените бури
оти, што сум јас, освен твоја судбина,
само во желбите разиграна,
со копнеж замотана.

И, те молам, немој некогаш да исчезнеме,
да се изгубиме во лавиринтот на ветувањата,
и сè во пепел да одлета,
оти, што сме ние, освен две ѕвезди
што со својот сјај една со друга се пронајдуваат,
само што секоја од нив,
е на другата страна на месечината.

ЦВЕТАНКА

МАРИЈА СИМОНОСКА

Ако некогаш ме нема,
а секако ќе ме снема
така како што цвеќе
цвета во пролет,
прецветува во зима,
така некогаш
еден ден ќе прецветам и јас.

Можеби во пролет,
можеби во лето,
можеби во есен,
можеби во зима,
кога и како, сеедно.

Ќе прецветам ко цветот,
но стиховите ќе цветаат,
зборовите не прецветуваат,
надежта за убаво утре,
верата за убави нешта,
љубовта да е водилка,
ете тие зборови
за расцутување кај секого,
ете тие нека цутат секогаш,
во кое било време.

Нека цветаат само убавини,
нека цвета топлина,
нека цвета нежноста,
нека цвета милоста,
нека цвета свесноста,
нека цвета скромноста,
нека цветаат,
нека не прецветуваат,
нека не прецветува убавиот свет,
како прецветаното јас.

ЗБОРОВИТЕ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Од необјавената стихозбирка „Стихоред“

Бидете внимателни со зборовите
што ги кажувате.

Тие немаат дом штом ќе ти
излезат од устата.

Талкаат по светот од уво до уво
и ќе ти се вратат поголеми од
оние што си ги кажал.

Бидете внимателни со зборовите,
пред кого ги кажувате.

Тие повеќе не се твои штом ќе ги изговориш.

Можеби со добра намера биле кажани,
ама велат –
патот до пеколот е поплочен со добри намери.

Размислете пред да кажете,
избројте до десет, издишете,
можеби некого ќе повредите, ќе навредите.

Внимателно погледнете кој има околу вас,
кој слуша внимателно, а кој со добра намера
прислушкува за да ги пренесе понатаму,
за да не ви се вратат извртени и да ве повредат.

Зашто тие, зборовите,
подобро е да ги премолчите
отколку да ги изустите,
помалку ќе ве боли главата од некажаните
и премолчените,
отколку од кажаните, пренесените,
вратените и од главата ти удрените.

ТАЈНАТА НА МИСЛИТЕ

СУЗАНА Д. РУЛЕСКА

Од стихозбирката „Името ти е надеж“

Како поглед скриен во тајните свети,
како очи кои поглед бараат,
како светлина од душата што извира,
како тајна што се бара себе си.

Како ѕвездено небо над нас,
како мене, како тебе, како нас,
е тој поглед скриен длабоко,
во тајната своја.

Во храмот на светлината,
како без надеж, но со верба,
како суша во пустина, но со капка вода,
како отуѓени, но со љубов.

Во двобојот мислите
на месечината ѝ ја оставаат победата,
на бојното поле Аморови стрели
нѐ прободуваат,
во беспомошноста ја бараме храброста
на Ахиловата пета.

Колку погледи се во костец со очите,
колку тие го замаглуваат видот,
но тој допира длабоко во висините
како отворен прозорец
на светите тајни.

НЕМОЈ

МАРИЈА СИМОНОСКА

Ако немаш самоконтрола,
ако немаш памет,
ако немаш љубов,
ако немаш нежност,
ако не знаеш за трпение,
ако вистинско разбирање немаш,
ако рацете и нозете
ти се побрзи од душата и срцето,
тогаш…

Немој!

Немој!

Не посегнувај по нешто што не е твое
и не прави дел од себе,
не прави нова душа за да имаш свое.

Немој,
не земај ги,
не ништи ги,
не гори ги
најубавите чувства за
љубов, радост и среќа.

Љуби и сакај,
како што тебе ти дале,
подариле искрено, нежно, милно,
ако за љубов и разбирање не си,
тогаш остави или научи.

Научи да слушаш со душа и срце,
научи да ја чувствуваш
душата и срцето на оној кој ти дарил се,
ти се дал самиот,
ти дарил најубав плод,
што цена нема,
а ти ги уништуваш на најсуров начин.

Ако не знаеш
искрена љубов и разбирање да дадеш,
може да си сакан, најсакан,
може да си почитуван, најпочитуван,
може најголемата љубов да ја имаш,
ама рамнодушност ќе се роди,
повеќе нема да боли.

Тогаш губиш и
каење да имаш
веќе немаш што да земаш,
оти доцна е,
ти си зел и си распарчил сè.

Затоа дари љубов,
дари искреност и милост,
на оној кој му земаш сè и
на плодот кој се раѓа од тебе,
ако немаш и не знаеш како,
тогаш…

Немој!

Не земај нешто што не е твое
и не прави ништо свое.

Немој!!!

МАНАСТИР ТРЕСКАВЕЦ

ВЕСНА СТОЈКОСКА

Спасителу,
чувај го ова богослужение,
колкупати е само палена.

И иконата на Мајка
Богородица штити ја.

Во лето
манастирот е полн луѓе
кои бараат спас.

Во голема карпа меѓу
sидовите
почнува литија
во чест на Богородица.

Се шири мирисот на
темјанот
и црквеното пеење,
одекнуваат по рамна
Пелагонија.

И, најголема мајко,
изгони ги сите зла,
никој да не ни наштети
и од болести и уроци
да нè чува и излечи.

Помогни да бидеме
подалеку од неволјите.

Ние православните
не можеме
без црковна служба
и молитва.

Господ е нашиот владетел…

На враќањето
им шепотев на Марковите
Кули…

И тие нас нè чуваат
од искушение и гревот.

Манастирот Трескавец
за Македонија е драгоцен.

Со мир во срцето и полна
душа.

Се враќам во Србија,
со Бог задоволен,
со радост прославува
и гледа дека е вистина,
се моли пред иконата
на Богородица.

ПОЗНАВАВ ЕДЕН ЧОВЕК

ВИКТОРИЈА СТОЈОВСКА

Познавав еден човек
што ме чита во душата,
како да ја отвори
со нежност што не боли.
И кога ме рануваше,
го правеше тоа тивко,
и знаеше како да ја залечи истата рана,
само со еден поглед.

Познавав еден човек со очи
кои носат сè што минало,
сè што е изгубено,
сè што може да се именува,
сè што никогаш не сум сакала
да заборавам.

Познавав еден човек што имаше соништа.
Големи, диви, немирни соништа,
што го носеа над хоризонтот,
и понекогаш го оставаа зад себе,
со мене што го чекав,
со мене што се плашев од празнината што ја остави.

Го познавав оној што заминуваше,
а секој пат се враќаше,
како да времето е негово,
како да не постоеше оддалеченост,
како да не постоеше изгубеност.
Секојпат мислев дека ќе остане,
секојпат верував дека останува
и секојпат се враќаше со истото лице,
со истиот мирис,
со истиот начин да ме гледа
како да не сум се променила.

Познавав.
Сега можеби не го познавам.
Сега можеби е сè што не сум знаела.
Сè што е спротивно на она што го сакав.
Сè што ме плаши,
и сè што ме љуби,
и сè што не можам да допрам.

Можеби е тука.
Можеби е далеку.
Можеби е сеќавање,
или празнина.
Можеби е сè што сум заборавила
да го сакам,
или сè што сум сакајќи го загубила.

Познавав еден човек
и сè уште го познавам,
во тишината што остана,
во солзите,
во секој сон што го чекам да се врати.

ФАНФАРИ

ДЕСПИНА СИЉАНОСКА

Сите мисли и помисли- се зголеми дното.

Сите молитви и прекори- згасна родот.

Сите деца,
и деца на мајки,
и мајки на татковци,
и браќа на новороденчиња,
и сестри на војници,
и родители на храброст,
и редица сила,
и редица молк,
и сите во крик,
и сите со очи жигосани.

Се распосла нова тага,
се досели нов страв,
се прероди нова жар.

Се зароби сон.

Се одвлечка плод.

Се откорна дрво, се потури барут.

Се потомори вода, се полеа жива кал.

Се турна сонце, се полеа жива кал.

Се помрачи небо и уште еден слој жива кал.

И труби, фанфари,
и тапан метален.

Бело знаме, црвена пот.

Бело знаме се крева.

Црвен нишан,
преку вода одраз од месечина.

Еден ден, ноќ за пребегнување.

Една ноќ – кошмар.

Сонува ли човек за немир,
или пак немирот ни го крои сонот?

Тажалка стана утрото.

Солзи не полнат извор.

Извор нема.

Телесна брана за криење на огнот.

Огнот згасна.

Утре пак.

ЗА ПОЕТОТ

СНЕЖАНА ПАНОСКА

Кога ќе пресуши перото на поетот,
неговите стихови ќе останат да
шетаат по светот,
ќе стивне ветрот низ неговите трепки и
светлоста ќе згасне во неговите очи.

Кога ќе престане да пее поетот,
неговите рими ќе се родат низ дождот,
оти тој знае дека ќе се вратат,
ќе паднат на земјата да ја оплодат,
ќе се наполнат езерата и водотеците,
ќе се излеат понорниците низ изворите,
ќе се изронат низ солзите
на оние што остануваат да тагуваат,
да споменуваат.

Кога ќе стивне гласот на поетот,
неговите стихови ќе одекнуваат
во насмевките на новото пиле,
во плачот на новото детераѓање,
оти кога ќе замине поетот,
неговите стихови ќе танцуваат со водата,
оти таа знае сè, таа памети сè,
таа ќе ги чува неговите стихови
запишани во тефтерот на животот.

И не жалете го, избришете ги солзите,
насмејте се,
оти тој низ своите стихови запишал и
испеал многу повеќе отколку што вие
низ многу векови ќе проживеете.

НЕ ПРАШУВАЈ МЕ

МАРИЈА СИМОНОСКА

Не прашувај ме од каде знам,
не прашувај ме како знам,
не прашувај ме.
Патешествијата мои долги се,
патиштата уште подолги,
животот краток,
а сепак толку долг…

Не прашувај ме од каде знам,
не прашувај ме што знам,
оти ништо не знам,
а сепак сѐ е таму некаде длабоко,
таму некаде закопано,
затишено,
чиниш запишано,
ко книга стара со избледени
и влажни страници,
демек в раце ќе ти се распадне.

Не прашувај ме како знам
таа стара книга со многу страници
таа стара книга чува сѐ,
не прашувај ме од каде знам
не прашувај ме кој ми кажал
животот, ете, тој раскажал.

НЕ ГАСНИ ГО СВЕТЛОТО

АНДРИАНА РИСТЕСКА

Ноќ,
доцна е,
се чувствуваш преморен
од патиштата што си ги изодел,
од бурите што те зафатиле,
од неправдите што те повредиле.

Сепак немој,
немој да го гаснеш светлото…

Знам,
тешко е,
сакаш очите да ги затвориш,
мислите да ги смириш,
срцето да си го затоплиш,
душата да ја одмориш.

Сепак немој,
не гасни го светлото…

Ако го изгаснеш,
да го запалиш веќе не ќе можеш,
ако го изгаснеш,
назад нема враќање.

Затоа,
остави го,
да можам да те пронајдам,
до тебе да долетам,
рака да ти подадам,
рани да ти залечам.

Знам,
тешко е,
се чувствуваш осамен,
се чувствуваш измамен,
скршен, изнемоштен.

Ама издржи,
стрпи се,
немој да се откажеш.

Немој да го изгаснеш
тоа мало пламенче
кое патот ќе ми го покаже
и ќе ме доведе до тебе.

Затоа немој,
не гасни го светлото
во твојата душа,
немој,
не губи ја надежта...

Авторски индекс

Ирена Ангелеска
Има такви жени 56

Јасмина Волческа
Мајка 19 · Стар човек и видовите го нејќат 23

Оливер Глигоров
Вечен симбол 40

Ѓорѓиоска Марија
Камо да знаев како да чувствувам 46

Ана Ѓорчевска
Љубов и вино 58

Вера Искова
Тивко понира срцево 45

Игор Јагуриноски
Секогаш свој 63

Менче Кадинец
Пред огледалото 18 · Ми треба 22 · Сега сме ништо 28 · Моите осамени соништа 31 · Невреме 36 · Остаток 39 · Солза 44

Јасмина Колеска Кузманоска
Каде брзаш, животе 50 · Пресуда 59

Марија Мантова
Свети Кирил и Методиј 49

Олга Наумовска
Во твојот дневник и моето име 25 · И плачат и пеат истовремено 29 · Младост разлистена 34

Тони Павлески
Македонија 32

Снежана Паноска
Есенско тихување 15 · Молчење 21 · Промени се 27 · Каде што ти е добро 33 · Родени сме 53 · Зборовите 67 · За поетот 77

Андриана Ристеска
Мирисот на липа 8 · Корените 11 · Не гасни го светлото 79

Сузана Д. Рулеска
Тајната на зборовите 43 · Тајната на мислите 68

Деспина Сиљаноска
Караван 9 · Фанфари 75

Марија Симоноска
Две души 14 · Беше Алцхајмер 16 · Никој како перото и хартијата 51 · Чудесно 54 · Цветанка 65 · Немој 69 · Не прашувај ме 78

Лилјана Сливоска
Кажи благодарам 13

Весна Стојкоска
Манастир Трескавец 71

Викторија Стојовска
(Не)потребни работи 61 · Познавав еден човек 73

Дана Тембелеска
Годовите на времето 38

Анита Тинтоска
Очекувам подобри времиња 10 · Суров е денешниот свет 42

Божана Тренческа
Татковина 48

Весна Шереметкоска
Казна 12 · Утре 37 · Што сум јас 64

ПРОДОЛЖУВАМЕ ЗАЕДНО

Ова е првото поглавје од традицијата на „Клуб Деница“. Следната година новите творби ќе добијат свое место во „Клуб Деница 2“, а фотографиите – на новата годишна изложба.

Испратете ги вашите лични творби и фотографии на clubdenica@clubdenica.mk.

Посетете нè на clubdenica.mk
и следете ги рубриките „Лични творби“ и „Фото на денот“.

Портал „Клуб Деница“
clubdenica.mk

Рубрика „Лични творби“ (песни и раскази)
clubdenica.mk/category/licni-tvorbi

Рубрика „Фото на денот“ (фотографии)
clubdenica.mk/category/foto-na-denot

Како да испратите творба или фотографија
Информации за лични творби

Информации за фото на денот

Следете нè
Facebook · Instagram

Од портал – до книга.
Од екран – до изложба.

Ова е првото издание. И првото поглавје од една традиција што продолжува.

Клуб Деница
КУЛТУРА, НАУКА, УМЕТНОСТ, ЛИТЕРАТУРА

Од портал – до книга.
Од екран – до изложба.

„Клуб Деница 2026“ ги обединува творбите
објавени во рубриката „Лични творби“
на порталот Клуб Деница и претставува
почеток на една годишна традиција.

Секоја година нови гласови, нови страници,
нови средби – преку книга и изложба.

Клуб Деница продолжува…



clubdenica.mk

Лични творби
Фото на денот
clubdenica@clubdenica.mk